**20141925915**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 12 став (2) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12 и 187/13), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И ИЗНОСОТ НА ЦАРИНСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАПРАВЕНИ УСЛУГИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

Член 1

Во Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/07 и 107/08), во членот 2 во табелата, реден број 3 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 3. | За пристап и користење на компјутерскиот систем на Царинската управа (МАКЦИС) се плаќа надоместок по поднесена и прифатена царинска декларација, и тоа за:<br>- увозни царински декларации, вклучувајќи ги декларациите поднесени и прифатени во поедноставени постапки,<br>- извозни царински декларации, вклучувајќи ги декларациите поднесени и прифатени во поедноставени постапки и<br>- транзитни царински декларации преку новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС). | 70,00 денари |

“

Реден број 6 се брише.

Реден број 7 станува реден број 6.

Член 2

Членот 2а се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-44107/1
19 декември 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.